Kusleska Vesna

# ЗАМЕНА

31. 05 2004
FDU Skopje

Doc.D-r Sa{ko Nasev
Ispit po Dramaturgija
II godina   FDU

## LICA:

**TRAJANKA,** 60 godini

**STOJAN,** brat na Trajanka, 50 godini

**MARIJA,** 25 godini

**KONSTANTIN,** soprug na Marija, 27 godini

**TO[E,** tatko na Konstantin, 50 godini

**VERA,** majka na Konstantin 50 godini

**NADA,** majka na Marija,  45 godini

**GATA^KATA,** 50 godini

**VOJO,** sin na Konstantin i Marija, 4 godini

**^OVEKOT VO CRNO**

СЦЕНА 1

*(Во куќата на родителите на Константин. Марија и Константин ги отвораат подароците. Марија е облечена како невеста. Таа е деветти месец бремена.На рацете носи бели ракавици. Тука се и мајката и таткото на Константин.)*

МАРИЈА: Изморена сум.

КОНСТАНТИН: Ајде да ги отвараме подароците.

МАРИЈА: Утре.

КОНСТАНТИН: Ајде, те молам, утре ќе одмараме.

МАРИЈА: Ајде, само да ги извадам ракавициве. . .

*( Таа пробува да ја извади ракавицата. Вадејќи ја ракавицата и паѓа венчалниот прстен.Сите, освен Марија, го бараат по подот.)*

МАРИЈА: Тука некаде ми падна.

ТОШЕ: Ајде, кај и да е дома е, ќе го најдеме не се секирај.

КОНСТАНТИН: Еве го!

ВЕРА: Фала богу!

ТОШЕ: Женче, се преплаши а?

ВЕРА: Пијан си!

ТОШЕ: Сум!

КОНСТАНТИН: Да отворам?

ВЕРА: направи му го ќеифот де.

МАРИЈА: Отварај.

*( Отвара)*

КОНСТАНТИН: Чаши!

*(Марија отвара)*

*МАРИЈА: Чаши, исти како тие.*

*(Се смеат)*

ВЕРА: А ова од кого е? Чекај да видам. . . еј, од Трајанка, прва братучеда на татко ми.

*(Вера го отвора подарокот)*

МАРИЈА: Погодете!

КОНСТАНТИН: Не!

МАРИЈА: Исти како и претходните!

*(Се смеат)*

ВЕРА: Што се смеете? Убави се чашите.

МАРИЈА: Да, сте осумнаесет!

*(Марија, Константин и татко му Тоше се смеат.)*

ВЕРА: Што е тука смешно? Жената се потудила, донесла како прво и прво, дошла!

КОНСТАНТИН: Па и вие сте и пошле . . .

ВЕРА: Ќути, срам да ти е, жената е немажена!

КОНСТАНТИН: А, да се префрлив на другите две што ни имаат донесено вакви чаши. *(се смее)*

ВЕРА: Како не ви е срам? Вие за поклони ја правевте свадбава?

ТОШЕ: Ако е така тогаш зошто се интересираш пак ти кое чие е ?

ВЕРА: За да прашаш!

МАРИЈА: Не мислиме ние ништо лошо, ова си се само наши домашни муабети што си ги правиме, нема да излезат од

овде. . . Баш убаво што ни дошла жената, и за нас тоа е важно, не што донесла. . .

ТОШЕ: Абре, како не ти е срам да зборуваш за вакви работи? Децава сакаа само да се насмееме, да не и се одрони бисерот на Трајанка, братучеда ти.

ВЕРА: Арен си и е нејзи бисерот, види се ти!

ТОШЕ: Што ми фали мене?

ВЕРА: Како што ти фали? Денеска беше ќор пијан, срам да ти е.

ТОШЕ: Ич не ми е срам. Само денеска се жени синот мој, нели?

ВЕРА: Е тоа не му знаеш.

КОНСТАНТИН: Само денеска, колку да знаеш.

ТОШЕ: Доста сега ..

МАРИЈА: Ако нека си каже веќе еднаш што ја мачи!

КОНСТАНТИН: Доволно е!

ВЕРА: Како можеше да ти падне прстенот од рака. Знаеш ли ти што значи тоа? Несреќа.

КОНСТАНТИН: Ајде доста со тие бабини деветини сега! Паднал, паднал, го најдовме, никој ништо не рече.

ТОШЕ: А, таа секогаш има некоја забелешка . . .

ВЕРА: А ти пак ќе пукнеш ако не ми превречеш!

МАРИЈА: А и ти ми превече, како јас да сакав!

ВЕРА: Па право да ти кажам и не ми изгледаше баш како да не сакаш.

МАРИЈА: Зошто секогаш едвај чекаш да се закараш со мене?

ТОШЕ: Еј претеравте!

КОНСТАНТИН: Навистина!

ВЕРА: Леле видете како се кара со мене. . . *(плаче)*

ТОШЕ: Веро, Веро врати се малку, никој тебе не ти вика, ти му викаш на девојчето. . . Убаво ти кажа дека никој не сакал да се случи тоа, а и не  е некоја голема работа па ти толку да креваш прашина за тоа. . .

ВЕРА: Види го уште ја брани неа. Кај дошла се на готово начекала па уште и таа посилна, а и вие ја браните, не можам повеќе (*плаче*). Да си одите од куќава!

ТОШЕ: Еј де полека малку. . .

ВЕРА: Ти кога не сакаш да си ја браниш мајка си и ти

со неа. . .

ТОШЕ: Доста веќе еднаш, само плачеш и се жалиш, како не ти е срам?

КОНСТАНТИН: Кога е така. . .

ТОШЕ: Еј деца не ја свакајте серозно, ова од радост и е. . .

ВЕРА: Кажав! Јас сум овде газдарица.

ТОШЕ: Грешка си тука!

КОНСТАНТИН: Ќе си одиме.

*(Константин со трчање излегува од собата, а по него и Марија)*

ТОШЕ: Еј деца, деца. . . Види што направи! Како можеше ова да го направиш после нивната свадба?

ВЕРА: *(Плаче)* Па таа ми викаше. . .

ТОШЕ: Ајде, тоа на друг да му го кажуваш. Ти прва почна.

ВЕРА: Како јас? И падна прстенот. . .

ТОШЕ: Доста, не сакам да те слушнам повеќе. А да те избркам јас тебе сега? А? Знаеш каков е Константин, тој рече ќе си одат и ќе биде така и сама знаеш . . . знаеш дека нема да се вратат повеќе тука. Значи толку знаеш да ја заматиш работата. Ќе одам и ќе му речам да се вратат, ама џабе.

ВЕРА: Ми го зеде таа детето. Нека оди по неа сега кога не му се важни мајка му и татко му.

ТОШЕ: Никој ништо тебе не ти зема, се сама бркаш од себе. Таа му е жена. Помири се со тоа. Што ќе му се мајка му и татко му сега? Срам да ти е!

*(Тоше излегува и вика по Константин)*

ВЕРА: Таа ми го зеде детето. Можеше тој да си најде и подобра од него, му велев.

СЦЕНА 2

*(Полу празен стан. Торби и куфери насекаде. Марија и Константин се внатре.)*

МАРИЈА: И?

КОНСТАНТИН: Што и?

МАРИЈА: Колку има за средување!

КОНСТАНТИН: Ќе ти помогнам.

МАРИЈА: Фала. Јас мислев ќе речеш ќе средам.

КОНСТАНТИН: Така мислев.

МАРИЈА: Што ќе правиме сега?

КОНСТНТИН: Ќе побарам работа кај вујко ми во дуќанот.

МАРИЈА: И јас ќе побарам работа негде.

КОНСТАНТИН: Не. Како да не го слушна докторот дека од  треба да мируваш.

МАРИЈА: Има време.

КОНСТНТИН: Јас ќе се грижам за тебе и бебето, не сакам да тоа да е во опасност.

МАРИЈА: Боже Коста, барем да поработам додека излеземе од кризава. . . Од секогаш сакав да одам на работа. Така и татко ми и правеше на мајка ми. Само и велеше >ај поседи дома уште малку, што ќе ти биде. Јас да можев да седам

дома, да одмарам. А мајка ми пак му велеше да те оставам јас тебе еден ден дома па ќе ме молиш да излезеш. . .

КОНСТАНТИН: Што ќе ми направиш за ручек?

МАРИЈА: Не знам, што ти правеше мајка ти?

КОНСТАНТИН: Ама се договоривме. . .

МАРИЈА: Само прашав, нели?

КОНСТАНТИН: Не мислеше ништо лошо, знам. И мајка ми не мислеше ништо лошо.

МАРИЈА: Ти одлучи да си заминеме.

КОНСТАНТИН: Ме фати инает. А и да не си заминевме секогаш ќе беше така. За нешто секогаш ќе најдевте да се скарате.

МАРИЈА: Таа прва. . .

КОНСТАНТИН: Ете, за ова ти зборувам. Знам, чудна жена е мајка ми. Секогаш за неа не е доволно. Кога почнав да одам на школо ми викаше од тебе ученик не бидува, кога бев во војска од тебе војник не бидува и сега во последно време ми велеше од тебе човек не бидува. Знам дека не го мисли тоа но зошто вели така?

МАРИЈА: Ќе зготвам нешто.

КОНСТАНТИН: Ќе одам до трафиката долу да се јавам кај вујко ми.

*(Константин излегува)*

МАРИЈА: Ох, од каде да почнам. Боже. . . *(плаче, станува ги брише солзите)* Ќе заврши ли еднаш ова? Кај ли ги ставив тенџерињата и лажиците. . . И, мрдна!

*( го допира стомакот. Влегува Константин)*

КОНСТАНТИН: Вујко ми е супер човек.

МАРИЈА: Коста, мрдна. . .

КОНСТАНТИН: Навистина? Душичка. . .

МАРИЈА: Што ти кажа вујко ти?

КОНСТАНТИН: Еј, човекот е . . . немам зборови, цар.

МАРИЈА: Да, да ми простиш не е како мајка ти.

КОНСТАНТИН: Добро де. Сакам да кажам дека ми даде добра работа. Јас треба да го водам дуќанот, а јас едвај очекував дека ќе ми даде работа, а тој дури и ми рече за неколку месеци да бидам шеф.

МАРИЈА: А јас? Прашај го и за мене.

КОНСТНТИН: Кажав за тебе.

МАРИЈА: Не очекував дека ти ќе бидеш ваков. Како мислиш ти јас цел живот да седам дома а? Кога подобро ќе размислам убаво ми велеше мајка ми.

КОНСТАНТИН: Па што не ја послуша?

МАРИЈА: Требаше. (*Пауза*) Сакам да кажам, нервозна сум сега, извини.

КОНСТНТИН: Знаеш ти добро што е работата.

МАРИЈА: Се плашам.

КОНСТАНТИН: Од што?

МАРИЈА: Да не ми се повтори судбината на мајка ми. Да не се направиш и ти како татко ми. Ми е страв да не не ме пушташ да излегувам, да одам на работа.

КОНСТАНТИН: Тоа никогаш нема да се случи. Зошто се грижиш? Ајде, сакаш да излеземе?

МАРИЈА: Сакав подоцна да одиме на гости кај мајка ми.
КОНСТНТИН: Добро. Ќе то однесам..

МАРИЈА: Имам болки во стомакот!

КОНСТАНТИН: И сега?

МАРИЈА: Носи ме во болница.

КОНСТАНТИН: Како, мислиш? Сега ќе се пораѓаш?

МАРИЈА: Најверјатно!

СЦЕНА 3

*(По четири години. Марија и Константин спијат во спалната соба во нивната куќа. Сонот на Марија.*

*Еден човек во црно влегува во нивната соба.)*

МАРИЈА: Што бараш ти тука?

ЧОВЕКОТ: Да го земам она што ми припаѓа.

МАРИЈА: Тука нема ништо твое, оди си!

ЧОВЕКОТ: Има.

*(Човекот во црно го води Константин надвор од куќата. Марија во сонот почнува да вика по Константин. Кога Константин се врти кон неа Марија гледа дека тој со себе го носи и нивниот четири годишен син Војо.*

МАРИЈА: Константин, Константин, каде одиш, каде го носиш Војо?

*(Константин ја буди Марија. Таа се уште вика.)*

МАРИЈА: Константин, Константин!

КОНСТАНТИН: Разбуди се, Марија! Тоа е само сон.

МАРИЈА: Како да не беше сон. . .

СЦЕНА 4

*(На гробишта. Трајанка и Стојан стојат покрај еден гроб. Облечени се во црно.)*

ТРАЈАНКА: Мораме да најдеме замена.

СТОЈАН: Како зборуваш како да не се работи за живо суштество. Не може човек да се замени.

ТРАЈАНКА: Може, се се може.

СТОЈАН: Не можам да те разберам.

ТРАЈАНКА: Ќе ме разбереш. Не можеме да и го уништиме животот на Невена. Како најмлада сестра од секогаш сме ја чувале и сме се грижеле за неа. Тоа мора да продолжи.

СТОЈАН: Знам, но тука не може ништо да се стори.

ТРАЈАНКА: Реков дека се може да се случи.

СТОЈАН: Никогаш нема да го преболи но ние тука не можеме ништо да сториме . . .

ТРАЈАНКА: Што? Ти си виновен и мора сега да сториш нешто.

СТОЈАН: Ништо не може да се стори кога е во прашање смрт. А и кој знае кога ќе си дојде од болница.

ТРАЈАНКА: Кога ќе дојде од болница, тогаш мора се да биде како што било.

СТОЈАН: Се плашам дека побудалуваш.

ТРАЈАНКА: Јас само гледам онака како што е, ништо друго. И да не те чујам уште еднаш да си го кажал тоа, ме разбра?

СТОЈАН: Ова изгледа ни е наследно. . .  Невена побудале, ја пратија во болница, ти еве сега побудалуваш се прашувам кога ќе ми дојде мене редот.

ТРАЈАНКА: Замолчи.

СТОЈАН: Те молам, те молам Трајанка, доста. Зарем малку ни се случија лоши работи. Ајде да си одиме дома.

ТРАЈАНКА: Ти си виновен за ова и да не си мрднал додека јас не кажам. Кога Невена ќе се врати се мора да биде како што било. Ајде заколни се.

СТОЈАН: Што?

ТРАЈАНКА: Заколни се дека ќе и помогнеш на секаков начин да и надоместиме на Невена.

СТОЈАН: Се колнам дека се ќе сторам.

ТРАЈАНКА: Мораме да најдеме замена.

СТОЈАН: Боже како зборуваш? Не ми е јасно и мислам дека никогаш нема да ми се разјасни како може мртовец да се оживее.

ТРАЈАНКА: Ќе видиш.

СЦЕНА 5

*(Марија со Војо е во куќата на своите родители. Разговара со мајка и, Нада. Пијат кафе)*

МАРИЈА: Незнам што да мислам право да ти кажам, мамо.

НАДА: Јас знам. Ти велев, уште кога ми кажа дека ти паднал прстенот знаев дека нешто нема да биде како што треба, и еве си се докажува.

МАРИЈА: Иста си како мајка му на Коста.

НАДА: Немој мене така. Не сакам ни да помислам на таа жена а ти уште тоа ми го велиш. Таа жена е ламја. Ех, а колку фини деца те сакаа. Слушаш бабино, не ми се лути, ќе видиш когаше потпораснеш, когаше сакаш да имаш убава кола, да одиш на одмор. . .

МАРИЈА: Бог да чува, мамо, јас што ти зборувам, а ти. . .

НАДА: Криво ми е за младоста моја, а ќе ми биде и за твојата знам. Татко ти не беше толку лош.

МАРИЈА: Мамо.. .

НАДА: Така и јас се залетав, како тебе. Ех да ги имам годините мои а паметот твој. Е, на пример синот на од Спиро адвокатот. Ех, дете убаво, високо, стројно. Сега и тој е адвокат. Му купиле кола. Убава долга зелена. И влечка една со него. . . Си викам е мори Маријо.. .

МАРИЈА: Си одам. Јас дојдов да ти побарам совет. . .  Ме мачат оние соништа. Не можам да спијам. Коста ми вели само соништа. . .

НАДА: Што знае тој?

МАРИЈА: Остави ме да ти кажам мамо! Туку кому кажувам јас. Ти не ме слушаш. Никогаш не си ме слушала што сакам да кажам.

*(Марија станува со Војо во раце)*

НАДА: Чекај! Има една жена што ја познавам. Таа се разбира од вакви работи. Би требало да ти каже што е работата.

МАРИЈА: Кога можеме да појдеме кај неа?

НАДА: Попладнево, може.

МАРИЈА: Може, таман Константин е на работа тоа време.

НАДА: Ама работа, уште се матка со таа продавницата? Е, а колку фини деца те сакаа. . .  Жал ми е само за ангелчево. А инаку веднаш ќе ти најдев друг. А и зошто да се скриваш?  Има да одиш каде сакаш!

МАРИЈА: Ако продолжиш си одам, навистина, и нема да доаѓам веќе. . .

НАДА: Еј, де, само така реков.

СЦЕНА 6

*(Во мотелот на Трајанка и Стојан.)*

ТРАЈАНКА: Дојдоа уште двајца мажи. Ги сместив горе во последната соба.

СТОЈАН: Па нели се договоривме да сместуваме само брачни парови со мали деца.

ТРАЈАНКА: Овие останувaат само една вечер. И така ни требаат пари. Оди види дали им треба нешто.

СЦЕНА 7

*(Марија и Нада се кај гатачка. )*

ГАТАЧКАТА: Седни тука. За сонот сакаш да ме прашаш?

НАДА: За сонот. . .

МАРИЈА: Да!

ГАТАЧКАТА: Некој ти го однесе мажот и детето. . .

НАДА: Кажи и.

МАРИЈА: Да.

ГАТАЧКАТА: Внимавајте, маж и жена стојат на крстосницата на вашиот живот.

МАРИЈА: Ги познавам?

ГАТАЧКАТА: Тоа не можам да ти кажам.

НАДА: Па затоа дојдовме, и велев јас. . .

ГАТАЧКАТА: Не вели веќе. Не е убаво тоа. Човекот маана нема, грев е тоа пред Бога..

НАДА: Прости. . . јас. . .

ГАТАЧКАТА: Нема јас што да ти простам. . .

МАРИЈА: И, што да правам сега? Што треба да направам?
ГАТАЧКАТА: Ќе појдете да преспиете во некој манастир три дена и тоа што поскоро.

МАРИЈА: Во кој?

ГАТАЧКАТА: Каде што ќе ве однесе патот. Но внимавајте и на патот!

МАРИЈА: Зошто?

ГАТАЧКАТА: Зошто дојде ти тука?

МАРИЈА: За помош.

ГАТАЧКАТА: За тоа и ќе одиш.

МАРИЈА: А, во кој манастир?

ГАТАЧКАТА: Е тоа не знам, сами треба да си одлучите.

МАРИЈА: Маж ми никогаш нема да прифати. Тој не верува во такви работи.

ГАТАЧКАТА: Сите мажи велат така, но истите тие први би дотрчале кај мене. Ќе поверува. Ајде сега остај тука нешто. . .

*(Марија остава пари)*

ГАТАЧКАТА: Ете така, и Бог нека ви е на помош!

СЦЕНА 8

*(Трајанка и Стојан во мотелот. )*

СТОЈАН: Се јавија од болницата.

ТРАЈАНКА: Доцниме.

СТОЈАН: Со што?

ТРАЈАНКА: Со нашиот план.

СТОЈАН: Се понадевав дека си заборавила.

ТРАЈАНКА: Јас никогаш не заборавам.

СТОЈАН: Ајде да најдеме некое друго решение. . .

ТРАЈАНКА: Нема кое друго решение. Ако Невена дознае и за ова ќе ја загубиме и неа.

СТОЈАН: Како мислиш дека ќе ја загубиме.

ТРАЈАНКА: Ќе умре и таа. Ќе останеме само јас и ти на овој свет сами.

СТОЈАН: Навистина, цела фамилија ни се сотре. Жена ми, зетот, внукот, па сега и другиот. . .

ТРАЈАНКА: Ти си виновен.

СТОЈАН: За што?

ТРАЈАНКА: Знаеш ти добро за што.

СТОЈАН: Ти кажав дека се јавија од болницата. . .

ТРАЈАНКА: Ми кажа. И јас ти кажав дека мораме да превземеме нешто побрзо. И не ми се прави на будала. Да внимаваше повеќе, немаше да се случи ова.

СТОЈАН: Знаеш дека не бев таму и не . . .

ТРАЈАНКА: Но требаше да бидеш таму.

СЦЕНА 11

*(Во домот на Марија и Константин. Марија работи низ дома. Влегува Константин од работа.)*

КОНСТАНТИН: Зошто не наминавте преескa кај мене на работа, нели ќе одевте кај мајка ти? Каде е Војо?

МАРИЈА: Спие. Потивко.

КОНСТАНТИН: Еј де, како кој знае колку да викам. Ептен си ми тивка. Што е работава. Да не те убеди конечно мајка ти дека ќе најдеш подобар од мене? Не паѓај на тоа, знаеш дека таков нема. . .

МАРИЈА: Уште тоа не го знам.

КОНСТАНТИН: Да докажувам сега? Треба?

МАРИЈА: Да. Свари по едно кафе.

КОНСТАНТИН: Еј што чудна жена си, жено. . .

(*Константин вари кафе, Марија седи на фотелја*)

КОНСТАНТИН: И како поминавте на гости?

МАРИЈА: Како и секогаш. Рече следниот пат да појдеме заедно.

КОНСТАНТИН: Ќе појдеме. *(пауза)* Моите поминаа денес. Татко ми вели, да се вратиме таму.

МАРИЈА: И?

КОНСТАНТИН: Вели жал им било за внукот. Реков, стари, не. Не сум лут ама веќе си се снајдов, а и внукот можете да го гледате кога сакате. Не викаа на вечера.

МАРИЈА: И?

КОНСТАНТИН: Незнам, како сакаш.

МАРИЈА: Како ќе речеш.

КОНСТАНТИН: Ти како ќе речеш.

МАРИЈА: Незнам јас.

КОНСТАНТИН: А?

МАРИЈА: Незнам.

КОНСТАНТИН: Да појдеме.

МАРИЈА: Не ми се оди. Таа не избрка.

КОНСТАНТИН: Не не избрка таа јас решив да си одиме од инает.

МАРИЈА: Од чиј инает?

КОНСТАНТИН: Незнам веќе.

МАРИЈА: Друг пат.

СЦЕНА 10

*(Во мотелот на Стојан и Трајанка)*

СТОЈАН: Сакам да ти кажам нешто.

ТРАЈАНКА: Дојдоа маж и жена. Не се со мало дете, но морав да ги примам.

СТОЈАН: Размислував, и не можам. Тоа е дефинитивно. Можеби и ќе се отселам. Незнам што ќе направам но, сакав само да знаеш.

ТРАЈАНКА: Нема ти што да размислуваш. Оди и прашај ги дали им треба нешто.

СТОЈАН: Кого?

ТРАЈАНКА: Гостите.

СТОЈАН: Ме слушаш што ти зборувам. Ме слушаш ли ти мене?

ТРАЈАНКА: Исто како никој да не зборува.

СТОЈАН: Зошто ниту еднаш не си ме слушанала а камо ли послушала? Не оди ова вака.

ТРАЈАНКА: Во тебе е вината и немој. . .

СТОЈАН: Не можам.

ТРАЈАНКА: Невена полуде кога загинаа маж и и постариот син. Нема да дозволам тоа пак да се случи. Таа е наша обврска. Не смее да дознае за ова.

СТОЈАН: Како не смее. Ќе дознае. И тоа веднаш.

ТРАЈАНКА: Кој ќе и каже. Ти? Ти си виновникот. Сакаш цел живот да имаш уште некој на совест кој умрел поради твоја вина?

СТОЈАН: Никој не умре поради моја вина. Немој уште еднаш да си ми го повторила тоа.

ТРАЈАНКА: Замолчи. Не го кревај гласот на мене не знаеш што може да ти се случи.

СТОЈАН: Што? Ќе ме удриш и мене со столицата по грбот? Цел живот тврдиш дека треба да се грижиме за Невена, а ти беше таа што воопшто не се грижеше за неа. Сега ти текна? Таа има четириесет години, и да не беше ти никогаш немаше и да замине во болница, всушност во лудница, како ти не сакаш да велиш. И нејзи и го велеше постојано ова, ти си виновна, ти си виновна, ти си виновна, и фала богу, полуде. Како сега мене

што ме гњавиш. Што и направи? *(Пауза)* Ако не дај боже, велам не дај боже ти се оставари и овој план, никогаш нема да и направиш ништо добро.  Се се дознава еден ден.

ТРАЈАНКА: Не е така. Се преселивме станавме нови луѓе. Никогаш нема да дознае. Не смее.

СТОЈАН: Не сме нови луѓе. Истите сме си што бевме. Со истите мисли во главата. Со истите стравови.

ТРАЈАНКА: Не е така.

СТОЈАН: Како е?

ТРАЈАНКА: Ти си тој што ќе ми помогне. Се заколна на гробот.

СТОЈАН: Никој ништо не добива со тоа.

ТРАЈАНКА: Можеш да добиеш ти.

СТОЈАН: Јас?

ТРАЈАНКА: Ако ни се оствари планот ќе ти кажам нешто многу важно.

СТОЈАН: Половина век го поминав со тебе, сестро, и не сум веќе мал да можеш да ме излажеш така секогаш кога ќе посакаш.

ТРАЈАНКА: Овој пат е поинаку. Знам нешто.

СТОЈАН: Што?

ТРАЈАНКА: Нешто што ти се обидуваш да го дознаеш цел живот.

СТОЈАН: Што?

ТРАЈАНКА: Знам како умре жена ти.

СТОЈАН: И јас знам.

ТРАЈАНКА: Заколни се дека ќе ми помогнеш. Заколни се во коските на жена ти.

СТОЈАН: Не ти верувам.

ТРАЈАНКА: Треба.

СТОЈАН: Не ти верувам.

ТРАЈАНКА: Помогни ми и ќе ти кажам се.

СТОЈАН: Кажи ми. Од каде знаеш? Што знаеш? Па ти и не беше дома таа вечер кога ја убија и ја ограбија!

ТРАЈАНКА: Ми кажаа.

СТОЈАН: Кој кажи!

ТРАЈАНКА: Ќе ти кажам кога ќе ја завршиме работата.

СТОЈАН: Не. Ти кажав дека не можам јас. . .

ТРАЈАНКА: Не викај, ќе не чуе некој. Ќе ти кажам се што се случило кога ќе го оствариме нашиот план.

СТОЈАН: Знам дека нешто матиш?

ТРАЈАНКА: Зарем толку, помина твојата љубов кон жена ти?

СТОЈАН: Добро знаеш дека не е така.

ТРАЈАНКА: Ако беше така тогаш ќе направеше се да ти кажам. Ти не ја заслужуваше неа. Таа да беше на твое место сигурна сум дека ќе направеше се.

СТОЈАН: Се чудам како може да си олку безмилосна кон мене?

ТРАЈАНКА: Јас безмилосна. Јас само сакав да те поштедам од се. Сега ја штитам Невена. Не смее ништо да го загрози нејзиното здравје.

СЦЕНА 11

*(Кај гатачката. Таму е мајката на Марија)*

ГАТАЧКАТА: Не требаше да доаѓаш.

НАДА: Сакав само да. . .

ГАТАЧКАТА: Нема ти што да сакаш. Не сакам тука да ми влегуваат луѓе што сакаат да расипат света врска. Ништо не му фали на твојот зет. И извади ја таа мисла од главата.

НАДА: Која мисла?

ГАТАЧКАТА: Знаеш ти.

НАДА: Не мислев ништо лошо.

ГАТАЧКАТА: Остави ги децата да живеат. Зошто го следиш зет ти?

НАДА: Јас, не. . .

ГАТАЧКАТА: Немој сега да се обидуваш да ме лажеш мене. Мислиш дека има друга? Нема, ни тој има друга, ниту пак таа ќе има друг.

МАКЈАТА: Значи тој ќе има друга?

ГАТАЧКАТА: Не.

НАДА: Па нели сега рече ни тој има, ни таа ќе има. . .

ГАТАЧКАТА: Како сакаш. Излегувај кога не ми веруваш. Тоа е твое право.

НАДА: Прости ми.

ГАТАЧКАТА: Ти кажав еднаш, нема јас што да ти простам. Никој не живее ничија судбина. Секој го следи својот пат. Остави ги децата.

СЦЕНА 12

*(Стојан е во својата соба. Во собата има кревет, до креветот натксна. На натксната покрај другите работи има и Фотографија. Стојан ја зема фотографијата. Ја држи на градите. Седнува и и зборува.)*

СТОЈАН: Ме остави сам. Сега се ми диригира сестра ми. Живеам како што сака таа. Не требаше да умреш. Помина дваесет години, а се ми се чини како вчера да беше. Како можела Трајанка цело време да ја држи таа тајна со себе. Можеби знаела и Невена. Но зошто не ми кажале. Може зашто се заколнав дека ќе го убијам оној кој тебе те уби. Зошто пак Невена не ми кажала. Таа секогаш била искрена со мене. Сигурно знаела, зашто не може човек со себе да држи тајна цели дваесет години, нели?

*(Влегува Трајанка)*

ТРАЈАНКА: Пак си разговарате? Оди очисти ја онаа соба. Знаеш за која зборувам.

СТОЈАН: Ти кажав што мислам за тоа. Сакам да се отселам.

ТРАЈАНКА: Добро, кога немаш ни ронка совест, сама ќе се борам.

*(Трајанка излегува.)*

СТОЈАН: Незнам што да правам. Да беше ти тука ќе ми кажеше. Сакам да знам што ти се случило. Не сакам години трагање да пропаднат, но не можам да го сторам она што го бара Трајанка од мене. Не можам. Прости ми.

*(Стојан ја остава фотографијата каде што беше. Несакајќи ја потурнува. Фотографијата паѓа)*

СТОЈАН: Што треба ова да значи Милена? Дека треба да го направам тоа. *(пауза)* Ако тоа е твојата волја. . .

*(Повторно доаѓа Трајанка)*

ТРАЈАНКА: Собата!

СТОЈАН: Веднаш. ќе бидеш во кујната? Сакам да поразговараме.

ТРАЈАНКА: Таму сум.

СЦЕНА 13

*(Во станот на Константин и Марија. )*

КОНСТАНТИН: Ај не туку ми цмиздри тука. За еден сон сега јас треба да се заберам и ехе, каде? Во манастир. Да не сакаш и да се закалуѓерам ?

МАРИЈА: Не шегувај се со такви работи!

КОНСТАНТИН: И како така си била во кај гатачка без прашање? А? Ако уште еднаш чујам ваква глупост да си направила. . .

МАРИЈА: Абре разбери не е глупост! Во сонот беше толку вистински.

КОНСТАНТИН: И демек кога ќе појдеме. . .

МАРИЈА: Ми е страв!

КОНСТАНТИН: Од кого?

МАРИЈА: Незнам, за тебе!

КОНСТАНТИН: Еј што чудна жена си, жено! Сум ти кажал дека кога бев мал тетка ми ја носеа по такви бабини-деветини, демек ќе ја излечеле и што, пак ништо. . . си умре. Ама никој не беше крив, не велам јас дека некој е крив. Ете така си било да си биде. А плус, продавницата. *(Пауза)* Кому ќе му ја оставам? И од кај пари за пат? Не, нема, неможе. . . Јас не сум таков човек. Јас сакам цврсто да стојам на земја, а не да летам таму по некои соништа и баења!

СЦЕНА 14

*(Во домот на Константин и Марија.)*

МАРИЈА: Што тие денеска? Цел ден ќутиш. . .

КОНСТАНТИН: Ништо, гледај си ја работата, и оди свари ми едно кафе.

МАРИЈА: Не мораш да кажеш.

КОНСТАНТИН: Добро, добро, ќе ти кажам, можно е да го затвораат дуќанот на вујко ми. *(пауза)*

МАРИЈА: И сега?

КОНСТАНТИН: Е па не ти кажувам, не можам сега јас да кажувам ти да ми приумираш.

МАРИЈА: Кажувај.

КОНСТАНТИН: Дојде испекција и вели дека некои од производите се со поминат рок. Чекај му велам малку, на тој полицаецот, што е ова влези си во продавница затвори си ја. Оп-оп. Не може така му велам. А тој > Господине за овој случај ќе бидете повикани на суд заедно со сопственикот и останатите вработени< И ја затвори продавницата. Како така да е тоа. Па не можам јас цело време да гледам по производите. Тие продавачките ти си крив та ти си крив. Страв им е да не ги обелоденат во суд. Кокошки. Вујко ми, пак, ме викна кај него дома и ми кажа дека ќе ја затвара продавницата зашто добиле иселеничка виза за Канада. Ми даде плата и рече дека ќе ме препорача кај некој друг. Ама од тие продавачките живот се нема. Сигурно веќе разгласиле наоколу дека не ме бива.

МАРИЈА: Ти велам јас, ајде, бре да појдеме, за наше добро. Ништо лошо тука нема. Не е лошо да се појде во манастир. . .

КОНСТАНТИН: Си се направила исто како некоја тетка.

МАРИЈА: Е па од седење дома само тоа се добива.

*(Пауза)*

КОНСТАНТИН: И ете ти ова ќе ни се случи, она ќе ни се случи. Сонот ова, сонот она. И јас ноќеска сонував како ми попаднале сите заби и што? Што требаше да правам?

СЦЕНА 15

*( Во кујната на мотелот на Трајанка и Стојан.)*

СТОЈАН: Се е чисто. Да не дојдоа онакви какви што очекувавме?

ТРАЈАНКА: Па нели ти се откажуваш. Додека се отселиш, а и немој да ми кажуваш каде ќе одиш, ќе работиш како чистач тука. Јасно?

СТОЈАН: Те поддржувам во планот. Целосно.

ТРАЈАНКА: Разговараше со Милена нели?

СТОЈАН: Немој да ми се потсмеваш поради тоа. Да не беше таа немаше да прифатам.

ТРАЈАНКА: Значи да сметам на тебе?

СТОЈАН: Да.

СЦЕНА 16

*(Марија е повторно кај гатачката, и кажува за сонот на Константин. )*

МАРИЈА: Константин, маж ми сонувал. . .

ГАТАЧКАТА: Знам. Деновите на опасност веќе започнале, мора што побрзо одите. Но, вимавајте што ќе одлучите по патот.

СЦЕНА 17

*(На пат кон манастирот.)*

КОНСТАНТИН: Добро што реши да преспиеме. Не би требало да е многу скапо.

МАРИЈА: Можевме да издржиме, ќе преспиевме во следниот мотел.

КОНСТАНТИН: Кај ме одвлечка, ме убеди, за ова не ти попуштам. Абе капнав, верувај. Очите сами ми паѓаат за спиење. Ајде да се одмориме. Цела држава не можеме да ја свртиме во една вечер.

СЦЕНА 20

*(Мотелот на Трајанка и Стојан. Во кујната..)*

ТРАЈАНКА: Дојдоа, конечно дојдоа.

СТОЈАН: Кој?

ТРАЈАНКА: Луѓето што ги чекавме долго. Млад брачен пар со мало дете. Оди и веднаш прашај ги што им треба.

СТОЈАН: А другите двајца што се тука?

ТРАЈАНКА: Нема да ни пречат. Јас ќе се погрижам за тоа. Оди сега и знаеш како што се договоривме.

СЦЕНА 21

*(Во мотелот на Трајанка и Стојан.)*

СТОЈАН: Јас ете сам сум вечерва тука, местово е мое, па дека нема многу луѓе деновиве, си велам зошто да плаќам некого за џабе, и така сега јас сум и готвач, и газда се!

КОНСТАНТИН: Убаво, убаво. Скапо го зедовте мотелчево, мислам ако не е тајна.

СТОЈАН: Не, не е тајна, местово ми е во наследство останато и заедно со сестра ми го финансиравме за градење. . .

КОНСТАНТИН: И таа работи овде?

СТОЈАН: Да, ама не е тука оваа недела. Имаше работа на друго место. Сакам да кажам дека мирно ќе си спиете, ќе се одморите, празно е. Синчево колку години има?

МАРИЈА: Четири.

СТОЈАН: Машала, машала, мажиште.

КОНСТАНТИН: Да не имаш нешто за јадење, право да ти кажам како ми се јаде грав. . .  тоа е чудо едно. . . И јас почнав да стареам. Порано мислев дека никогаш нема да сакам ама. . .

СТОЈАН:  Еј де, за грав било проблем. Појдете сега во собата, за половина час се е готово, немај гајле.

СЦЕНА 20

*(Во собата на Марија и Константин.)*

МАРИЈА: Некако едвај чекам да си одиме од тука. Ме лазат морници од местово.

КОНСТАНТИН: Пак почнуваш. Доста. Аман веќе. Ми се јаде. Колку сум гладен не можам да мислам на ништо друго, а таа ова она. И мене не ми е како дома ама тоа ти е. Сами си го баравме. Ајде да слеземе. ќе го оставиме Војо да спие тука?

МАРИЈА: Не, никако!

КОНСТАНТИН: Нема никој, зошто да не? Ќе си спие. . .

МАРИЈА: Не!

КОНСТАНТИН: Добро де, добро. Ко ти рекла гатачката опасност на патот, да не мислела јас да се пазам од тебе, како ми викаш. . . Ајде земај го детето, ми се јаде.

СЦЕНА 21

*(Во кујната. Трајанка готви грав, Стојан ги остри ножевите. )*

ТРАЈАНКА: Дај ми од тоа.

СТОЈАН: *( И подава една тегла)* Добро е наточен?

ТРАЈАНКА: Ти треба тоа да го знаеш. Се јавија од болницата. Утре ќе ја пуштат Невена. Треба да одиш да ја пречекаш.

СТОЈАН: Кога ?

ТРАЈАНКА: Околу шест часот изутрина.

СТОЈАН: Страв ми е дека нема да ја познаам.

ТРАЈАНКА: Ќе ја познаеш. Срамота е така да кажеш за сестра си. Некој ако те слушне ќе рече дека си се мрднал. Ќе одиш да ја

пречекаш и прво ќе ја донесеш тука. Немој многу, многу да ти зборува устата, знаеш што може да се случи.

СТОЈАН: Што да и кажам?

ТРАЈАНКА: Како што да и кажеш? Што сакаш ти да и кажеш? Ќе ја прашаш како си поминала по пат, ќе и кажеш дека се е во ред тука, дека работата со мотелот оди како што треба..

СТОЈАН: Многу ја интересира нејзи работата со мотелот. Што да и кажам за Николче?

ТРАЈАНКА: Мотелот добро оди, ќе и кажеш, Николче е добар, кажи и дека се навикна на нас, многу дека е изменет. . .

СТОЈАН: А ако не направиме ништо за Николче.. . .

*(Се слуша ѓлас од надвор)*

СЦЕНА 22

*(Во ѿрѿезаријаѿа, влеѓува соѿсѿвеникоѿ Сѿојан и ѓи ѿослужува.Марија ѓо чува Војо во раце.)*

СТОЈАН: Еве гравчето. . .

КОНСТАНТИН: Е, браво.

*(Констатин пробува)*

КОНСТАНТИН: Убаво убаво, грав, грав и пол. Додуша малку како да има нешто одвишок. . .

СТОЈАН: Како мислиш?

КОНСТАНТИН: Ама и нешто му фали. . .

СТОЈАН: Што?

КОНСТАНТИН: Сол бе брат, не се потресувај. . .

СТОЈАН: А тоа, абе реков ќе ставам ама. . . леле извинете.

КОНСТАНТИН: Седи раат, мислам донеси и немај гајле.

СТОЈАН: Еве, одам.

*(Оди по сол)*

МАРИЈА: Засрамота!

КОНСТАНТИН: Доста мори! Па не е солено, така ли да го јадам?

*(Стојан се враќа)*

МАРИЈА: Јас не сум гладна, само малку ќе пробам.

СТОЈАН: Зошто не го однесеш детето да спие? Нема никој тука, мирно е. . .

КОНСТАНТИН: И јас тоа и го велам. Ама тоа е.

СТОЈАН: Како сакате јас само да помогнам. . .

МАРИЈА: Во ред е.

*(Стојан излегува)*

КОНСТАНТИН: Кој знае ти каде одиш. Овие гатачкиве те побудалеа. Да не ти е кажано и да не јадеш? Леле, праша ли дали може да дишиш?

МАРИЈА: Ти кажав сто пати да не се смееш со такви работи.

КОНСТНТИН: Баба ми на ова би рекла Да не ме скукали?

МАРИЈА: Што?

КОНСТАНТИН: Не си ти истата што ја зедов. Таа Марија се смееше на моите шеги, дури и таа се шегуваше некогаш? Што ти стана? Зошто си ваква?

МАРИЈА: Истата сум.

КОНСТАНТИН: Не си, јас ти кажувам.

МАРИЈА: Bojo спие.

СЦЕНА 23

*(Во нивната соба. Константин лежи на креветот, а Марија сомничаво шета низ собата со детето во раце.)*

КОНСТАНТИН: Не, не требаше да тргнам. Како ме убеди, алал ти вера!

МАРИЈА: Море Константине, нешто тука не е во ред. Нешто е чудно. . . Ќе пробам да не заспијам цела вечер, ама како ми се спие. . .

КОСТДИН: Ако има нешто чудно тука тоа е умот твој,  а уште почудно е што тој јас самиот тргнав по твој женски ум.

Константин почнува рчи, а Марија продолжува да шета со детето низ собата. Му пее приспивни песни.

СЦЕНА 25

*(Во соседната соба Стојан, кој ѕирка од посебно направена дупка ги ѕирка дали ќе заспијат. Се појавува неговата сестра Трајанка.)*

ТРАЈАНКА: Заспаа гостите?

СТОЈАН: Оваа издржа да не заспие после сите состојки за заспивање ставени во јадењето. Да почекаме уште малку. Еј ама како ме здрви тој зборливиот, вели, нешто чудно ми е во гравов, кога на крај испадна сол немало. *(Пауза)* А, да се откажеме, некако ова не ќе да е на арно.

ТРАЈАНКА: После толку чекање. Се изнамачив додека дојдоа вистинските луѓе. Нема откажување, ме слушна? Чекај. . . ова е синот на Вера.

СТОЈАН: Кој?

ТРАЈАНКА: Вера ќерка на Томе, братучедот.

СТОЈАН: Не ги познавам.

ТРАЈАНКА: Па ќе ги познаваше ако дојдеше со мене на свадбата.

СТОЈАН: Кога?

ТРАЈАНКА: Пред три-четири години.

СТОЈАН: Не ми текнува. Е, па тогаш да ги оставиме нив на мира. Не мора да им кажуваме дека ги знаеме.

ТРАЈАНКА: Не. И онака цел живот не беа фер со нас. Татко и на Вера беше дрзок, никаков.. . Цело време го навредуваше татко ни.. .

СТОЈАН: Ама каква врска имаат тие со тоа.

ТРАЈАНКА: Имаат! Се се враќа. Тој го понижи пред целото село. Татко се заколна дека ќе му врати на татко и од Вера. Јас ќе го исполнам ветувањето.

СТОЈАН: Не мислиш дека и нас ќе ни се врати некогаш?

ТРАЈАНКА: Нема нас што да ни се врати.

СТОЈАН: Како зборуваш како ова да е мала работа.

ТРАЈАНКА: Молчи, може да те слушнат.

СТОЈАН: Да ги оставиме на мира.

ТРАЈАНКА: Ова се е поради тебе. Да го пазеше внук ти поубаво, сега никој немаше да се најде во ваква каша. Заради тебе детето падна по скалите.

СТОЈАН: Само падна!

ТРАЈАНКА: Ама ти не беше тука да го спречиш. Сега дојдена не се вратила сестра ни од болница да ја завршиме оваа работа. Го нема видено сина си две години, нема да го познае. Детето личи на

Николче наш. *(Пауза)* Толку ли ја сакаше Милена, не сакаш ова да го направиш за неа?

СТОЈАН: А да и кажеме. . .

ТРАЈАНКА: Нема што и кажуваме. Ако и кажеме веднаш ќе умре. Рекоа докторите. Види дали заспале.

*(Стојан ѕирка)*

СТОЈАН: Да!

СЦЕНА 25

*(Во собата на Константин и Марија. Сите тројца спијат. Марија го сонува пак истиот сон од сцена 1 но сонот продолжува. Откако Константин го фрла детето пред него се појавува една порта која силно се затвара и таа повеќе не може да го види.)*

МАРИЈА: Константин, Константин каде си? Не можам да те видам.

КОНСТАНТИН: Тука сум, чувај го Војо.

МАРИЈА: Константин!

*(Го крева детето од калта но тоа пак и паѓа од раце.*

*Додека таа го сонува сонот Трајанка влегува во собата и го зема детето. Константин насетува и ги почнува да мрда како да ќе се разбуди. Трајанка ја фаќа паника и му го забодува ножот на Константин во градите.)*

МАРИЈА: Константин,Константин. . .

*(Се буди и го гледаКонстантин во крв. Вриска и го слуша плачот на своето дете. Разгледува наоколу и забележува дека нејзиниот син Војо го нема. Истрчува од собата.)*

СЦЕНА 28

*(Трајанка бега со детето. Марија трча по неа. Марија од зад неа ја удира со стап по глава. Трајанка паѓа на детето во калта. Ногата и е повредена. Од прозорецот излегува Стојан со пушка.)*

СТОЈАН: Стој, остави ги.

ТРАЈАНКА: Ова е нашиот Николче никој нема да ни го земе.

МАРИЈА: Врати ми го детето!

ТРАЈАНКА: Ова е детето на сестра ми. Гледај, не бара да дојде кај тебе, не ни плаче по тебе.

*(Стојан пука во Марија но ја промаршува. Тој се приближува кон Марија, држејќи ја пушката вперена во неа.)*

СТОЈАН: Оди си. Бегај сега.

МАРИЈА: Го сакам детето назад. Тоа е мое дете.

ТРАЈАНКА: Грешиш тоа не сака нас.

СТОЈАН: Ќе пукам. Оди.

МАРИЈА: Детето. И ќе си одам. Се колнам.

*(Стојан се уште стои со вперена пушка кон Марија. Таа плаче. Трајанка го држи цврсто детето.)*

МАРИЈА: Што е ова? Во каков  ѕвер се претвори? Што згреши толку Константин, ние?

СТОЈАН: Ништо. Ни треба дете.

ТРАЈАНКА: Не ни треба, го имаме. Ове е Николче синот на нашата сестра. Тебе ти треба дете. Нашево не го даваме. Зошто сакаш да ни го земеш нашето дете?

*(на Стојан)*

МАРИЈА: Ве молам.. . ве молам. Тоа не може без мене. Не можам ни јас без него. Потребна сум му. Тоа е уште мало. . .

ТРАЈАНКА: Убиј ја! Сака да ни го земе внукот. Не гледаш за тоа е дојдена, да ни го земе Николче!

СТОЈАН: Не можам.

МАРИЈА: Немој, не пред очите на моето дете . . . Константин, Константин!!!

ТРАЈАНКА: Убиј ја за да не те убијам јас и тебе како.. .

СТОЈАН: Како?

ТРАЈАНКА: Како Милена!

СТОЈАН: Што?

ТРАЈАНКА: Ме слушна. Убиј ја. Убиј ја ќе не откријат.

СТОЈАН: Како Милена? Што ти згреши мојата жена тебе?

ТРАЈАНКА: Сака да ни го земе детето!

СТОЈАН: *(На Марија)* Бегај! Трајанке, што зборуваш?

ТРАЈАНКА: Убиј ја и ќе ти кажам!

СТОЈАН: Ти ја уби Милена?

ТРАЈАНКА: Да!

СТОЈАН: Како можеше да ме лажеш со години. Ти немаш душа! Дај ми го детето. Дај !

ТРАЈАНКА: Не, тоа е наше дете, таа сака да ни го земе.

СТОЈАН: Дај ми го детето.

*(Стојан ја удира и го зема детето го чува во него)*

МАРИЈА: Дај ми го детето!

ТРАЈАНКА: Не нашето дете. . . Врати го, морам да ги вратам сите што ги убив, ме прогонуваат, каде и да погледнам таму се, сите, Милена, Николче, брат му, татко му. . . стие се тука, дошле по мене. . .Стојане, Стојане помогни ми!

СТОЈАН: Што?

МАРИЈА: Дај ми го детето!

ТРАЈАНКА: Не Стојан, не. Не го давај. Помогни ми, помогни ми сите да ги вратам, зашто еве ги по мене, не ме давај Стојан! Ме измачуваат!

*(Марија го зема во рацете синот.)*

СТОЈАН: Трајанка. . .

*(Трајанка го удира Стојан. Тој пука во неа.)*

МАРИЈА: Константин!

*(Стојан паѓа мртов. Од зад него целиот раскрвавен се појавува Константин со нож во рака. Константин ги гушка Марија и Вojo.)*

МАРИЈА: Живи сме, преживеавме. . .  Сине. . . Бојо? Што му е, Константин, зошто Бојо не мрда?

*СЦЕНА 27*

*(На гробишта. Мајката на Марија и родителите на Костантин се околу гробот на Бојо. Марија се истргува настрана.)*

КОНСТАНТИН: Што е? Да не не ти е добро?

МАРИЈА: Мораме да најдеме замена.

КРАЈ